## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четвртото продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 мај 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,34 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Бесим Догани, Љубиша Георгиевски, Ристана Лалчевска, Цветанка Иванова, Зоран Витанов, Валентина Божиновска, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Елмазе Селмани, Фијат Цаноски и Веле Митаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број пратеници кои се присутни во салата.

На седницата присуствуваат 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи стигнавме до чинот на гласање амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 15, нема воздржано, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Оливер Деркоски, Панче Дамески и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи се работи за техничка исправка, амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој ставува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Ацо Киров, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Доколку предлагачот прифаќа, би го прифатил овој амандман заклучно со зборовите “Република Македонија”. Значи, “на Предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија”.

**Иван Анастасовски:** Значи, ако се согласи предлагачот.

Кој од името на предлагачот ќе се јави?

Од името на предлагачите има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ценам дека доколку вака се прифати овој амандман, ќе дојдеме во судир со Законот за локална самоуправа и мислам дека тоа не е интерес ниту на Министерството за локална самоуправа, ниту ние како пратеници односно како законодавен дом треба тоа да го дозволиме. Имено, амандманот зборува дека на предлог на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија и со претходна согласност на ЗЕЛС во членот 7 став 2 ќе се допрецизира всушност критериумите за определување на специфични потреби итн. Имено, јас имам незванични информации, а министерот треба да ни каже дали е тоа точно дека ЗЕЛС не учествувал во работењето или не се произнел по овој закон, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Имено, во член 81 од Законот за локална самоуправа вели дека “Здружението на општини во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од 2/3 од општините од целата територија на Република Македонија, има право да соработува со Владата по прашања од значење за општините во Република Македонија”. Меѓу другото, во член 79 се вели дека “Владата може заради координација при планирањето, програмирањето и имплементација на политиките во одредени области или група на области, да склучува договори за соработка со една или повеќе општини од областите од взаемен интерес”. Меѓутоа, Собранието на Република Македонија ќе биде информирано за договорите за соработка од ставот 1 на овој член. Всушност, повторно доаѓаме на главната теза дека навистина ако

ЗЕЛС за која што сите имаме многу пофални зборови, за која што ќе зборувам подоцна е исклучена од овој процес на дефинирање на овој закон, мислам дека е недопусливо од едноставна причина што Главата 11 од Законот за локална самоуправа ги уредува механизмите за соработка меѓу општините, Владата на Република Македонија и органите на управа. Соработката меѓуа Владата и општините е во, се разбира, кога се работи за нивни интерес, пред се, во делот на законите, дозволуваат и мора да дозволат ЗЕЛС како единствена асоцијација на општините во Република Македонија, во кои што членуваат сите општини и тоа повеќе години, дозволува не само да биде консултирана, туку сериозно да се изјасни и по ваков законски проект, за кој што ние денес дискутираме. Ако ми дозволите, јас велам имам незванични информации, разговарав со еден или со двајца градоначалници кои рекоа дека воопшто никогаш овој закон не бил предмет на расправа во ЗЕЛС и таа заедница се нема произнесено, што е апсолутно недопусливо. Ако е тоа навистина точно, тогаш ние навистина правиме грубо кршење на сите работи кои што ги регулира Законот за локална самоуправа и под итно треба овој закон да биде повлечен од собраниска процедура. Имено и министерот за локална самоуправа на прослава на 35 годишнината од ЗЕЛС кажа дека посакува и во иднина успешно работење и единствен начин во партнерството, што на оваа реформа и дава посебен квалитет, да препознам и од страна на меѓународната заедница. А, насловот е ЗЕЛС можен партнер на централната власт. Ќе дозволите дека ако ЗЕЛС воопшто не е консултиран, би рекол за оваа работа, жалам што е воопшто објавен еден ваков текст, а тоа значи нешто друго, но јас не би сакал тоа да го дискутирам.

Во една друга прилика кога го гледав Извештајот од Комисијата за европски прашања, во Извештајот стои дека министерот Коњановски појаснил дека е направена консултација со ЗЕЛС и сите нивни сугестии се вградени во Предлог законот. Имено, како е можно ЗЕЛС или определени претставници на ЗЕЛС велат дека воопшто никогаш не се расправало за овој закон и дека немаат дадено ниту еден предлог, а од друга страна министерот да вели дека е направена консултација и дека се почитуваат одредени методологии и стандарди при распределбата на средства на ИПА фондовите наменети за рамномерен регионален развој. Јас и вчера кажав, почитуван министер дека замолувам апсолутно да не се злоупотребува терминот ИПА фондови, заради тоа што апсолутно немаат никаква допирна точка со овој закон. Значи, сите оние кои што ќе се повикаат на распределба на средства за ИПА фондови итн, зборуваат апсолутно паушално, непотребно, погрешно и едноставно ја дезинформираат јавноста во Република Македонија, заради тоа што ИПА како инструмент за претпристапна помош сите знаеме дека стапи на сила на 1 јануари 2007 година и тој содржи 5 компоненти.

Првата компонента е транзициона помош и изградба на институции.

Втората е преку гранична соработка.

Третата компонента е регионалниот развој.

Четвртата компонента е човечки ресурси и

Петтата е рурален развој.

Ако зборуваме за третата компонента, јас одговорно тврдам, каде што не малку средства предвидуваат овие 5 компоненти за 2007 година, вкупната сума знаеме дека од 2007 до 2010 година се работи за околу 300 милиони евра или 302 милиони евра, додека само за 2007 година се работи за околу 60 милиони евра. Меѓутоа, се работи за нешто друго, се доцни со нешто друго во овој дел, апсолутно не се работи за доцнење во оваа сфера како што е Законот за рамномерен регионален развој, се разбира, имајќи ги предвид искуствата, кои што останатите земји во регионот кој го имаат донесено овој закон и грешките кои што истите ги направиле. Едноставно кажано доволно ќе беше консултантите, експертите кои што учествувале во изработка на овој закон да ги видат позитивните и негативните страни, да речеме на словенечкиот модел, кој што претставува база на овој закон. Затоа, дебатиравме скоро 3-4 часа зошто плановите не треба да бидат пет годишни, туку две годишни итн, но тоа претпоставувам во некоја друга прилика. Ако ги видите оценките кои што ги дава Европската комисија и експертите на Европската комисија, кои што за донесување и подготовка на овој закон воопшто не се прашани, не се повикани да дадат свое мислење, ќе видите дека тие експерти за словенечкиот модел и закон рекле дека еден од приоритетите да има или позитивна страна на словенечкиот модел и закон е дека имаат задолжителна подготовка на приоритети, задолжителен мониторинг на финансиски процедури, што апсолутно нема ни точка ни запирка во овој закон за таа работа. За слабостите на словенечкиот модел, се надевам, ќе зборуваме по некој друг амандман, заради тоа што истите пропусти и слабости се мултиплицирани во овој наш закон и се разбира дека тоа ќе повлече негативни консеквенци во делот на локалната демократија и локалната самоуправа во Република Македонија, што не е апсолутно добро, ниту пожелно во овој период за Република Македонија. Јас мислам дека начинот на кој што работи Владата на Република Македонија и Министерството за локална самоуправа дозволува и мораше да има парнерска интеракција со ЗЕЛС во Република Македонија, особено при носење на еден ваков сериозен значаен проект. Тоа, на крајот на краиштата ќе биде оценувано од страна на експертите на Европската комисија, дали партнерството кое мора да го има и се бара од националните влади, комплетно ги вклучило, не само ЗЕЛС, туку и општините и градовите при градењето на една ваква сериозна законска материја и политика.

Да не должам многу, постојат поголем број на елементи и аргументи кои што треба да се кажат зошто ЗЕЛС треба да биде вклучен во овој процес на изработка на овој закон. Мислам дека ќе направиме помала грешка, доколку ги вклучиме и се прифати амандманот ЗЕЛС на определен начин сериозно да учествува при носењето и работа на Советот за рамномерен регионален развој, бидејќи сериозно може да се нападне и да се доведе во прашање концетот на локалната самоуправа во Република Македонија. Да бидам слободен и да кажам, на овој начин, можеби се во право сите оние кои што велат дека се ограничува локалната демократија како темелна и уставна вредност на нашето општество.

Почитуван министер, се надевам и знам дека ќе бидам правилно разбран. Јас знам дека сите ние пратеници во овој републички парламент, знаеме дека Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската унија. Тоа е еден процес, кој покрај придобивки, носи и голема одговорност и обврски. Нас ќе ни биде обврска на среден рок целосно да ги усогласиме политиките на Европската унија и во областа на локалната самоуправа и локалната демократија.

Едноставно кажано, би прашал, дали Владата ги има предвид и преточено во Законот главните водечки насоки на Европската унија за рамномерен регионален развој. Јас тврдам дека не. Меѓутоа, се разбира дека тоа е моја оценка. Имено, во секоја прилика, како што и неодамна изјави заменик претседателот на Владата на Република Македонија госпоѓа Коневска, пораката на претставниците на Европската унија е следна: “Не си поставувајте нереални задачи. Не е најважната работа на светот да ги усвоиме сите потребни закони за хармонизација на законодавството до јуни. Најважно од се е имплементацијата”. Подобро е да усвоиме десет, ама квалитетни закони и со адекватна имплементација, отколку повторно, повторно и упорно да ја правиме истата грешка, која што само не оддалечува од целта, а тоа е да носиме нешто што навистина не ќе може да се имплементира. Би можел навистина долго да зборувам на оваа тема зошто ЗЕЛС мораше да биде вклужен и дека ќе ја намалиме грешката, доколку биде прифатен овој амандман. Она што ни го порачува Европската комисија и во Белата книга е дека навистина она што е во овој момент најважно за Република Македонија е да учиме дека зајакнатата култура на консултирање и на дијалог во овој момент треба да биде приоритет број 1.

Се надевам, почитуван министер, дека ќе ги имате предвид овие аргументи и дека ќе размислите и ќе го прифатите амандманот како што е даден. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Почитуван колега, тоа значи дека вие како овластен предлагач не го прифативте предлогот на почитуваниот министер за локална самоуправа. Значи, останувате на свое.

Има збор министерот за локална самоуправа. Повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе.

Се надевам дека пратеникот правилно ќе ме разбере и јас знам дека долго на оваа тема, имате право, имате знаење и можете да разговарате, меѓутоа сепак, мислам дека треба да бидеме кратки и прецизни.

Околу тоа дека забелешките на Европската унија, кои беа доставени до Владата на Република Македонија во ноември во врска со законот, јас ќе цитирам и ќе ви кажам дека забелешките се однесуваа на неколку работи.

Прво, во самиот извештај пишуваше дека Република Македонија е во подготовка на законот за рамномерен регионален развој и тоа се наоѓа во многу рана фаза. Патем кажано морам да ви споменам дека тоа беше и во вашата програма, во програмата на Владата на Република Македонија како закон кој требаше да биде донесен во 2006 година. Значи, тоа не сте го направиле и нормално се потрудивме ние, и јас како ресорен минситер во 2007 година да го донесеме овој закон.

Забелешките се однесуваа на две работи: прво вклученоста на локалната администрација и на градоначалниците во имплементација на овој закон што е постигнато преку Советот за рамномерен регионален развој, каде што имаме учество на градоначалници, претставници на локалната самоуправа, исто така и претставници на централната власт односно министри. Тука се гледа тој спој на локалната самоуправа и централната власт во законот. Сега кога зборуваме за ЗЕЛС, па тоа е ЗЕЛС, тие луѓе, претставници на локалната самоуправа, градоначалници кои членуваат во Советот за рамномерен регионален развој се и претставници на ЗЕЛС. Добро вие кажавте дека од непотврден извори имате сознанија дека не е консултиран ЗЕЛС и потоа си направивте една теза, тоа не е вистина, ЗЕЛС е консултиран во сите фази на изработка на овој закон. Разговаравме и по првата верзија и по втората верзија и можам да ви кажам дека голем дел од забелешките на ЗЕЛС се вклучени во овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути за реплика на господинот пратеник Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Јас тешко дека ќе можам да го променам впечатокот на јавноста и на граѓаните дека Владата прави, и Министерството се, ама опозицијата го кочи сето тоа што го прави Министерството и наместо пофалби и афирмација милуваат овие од опозицијата критика и негација, меѓутоа почитуван министер ќе побарам пауза од 30-тина минути доколку ни поделите документ со кој што ЗЕЛС го поддржува овој закон и јас ќе ги повлечам сите амандмани што ги поднесов и ќе гласам сериозно за овој закон.

Значи, предлагам пауза 30 минути за да ни се подели документот од ЗЕЛС, за да можеме да ги

повлечеме сите амандмани кои се поднесени од моја страна.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега тоа треба да го направи или координаторот или заменикот на координаторот на вашата пратеничка група, бидејќи тие имаат право согласно Деловникот да побараат пауза до еден час. Така да јас...

(Реакција на пртениците во сала).

Во тој случај ние продолжуваме и три минути за реплика има господинот Јани Макрадули.

Се извинувам, една минута за контра реплика на министерот Зоран Коњановски.

**Зоран Коњановски:** Јас мислам дека само ќе изгубиме само време ако чекаме половина час. Јас кажав дека ЗЕЛС беше консултиран за законот, имаме потврда за првата фаза и барањата на ЗЕЛС беа вметнати во законот и стојам на тоа. Само ќе изгубиме половина час.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика на господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Според она што го кажа министерот значи беспредмето е сега јас да побарам пауза, бидејќи таков документ потврди министерот дека нема.

Според информацииите што ги имаме, а министерот тука треба да ги демантира со документ, втората фаза воопшто не е испратена до ЗЕЛС. Ние сме спремни таков документ да покажеме.

Втората фаза од верзијата не е разговарана со претставниците на ЗЕЛС. За жал, повторно наместо да дебатираме за тоа дали е добро ЗЕЛС да биде вклучен или не согласно Законот за локална самоуправа и законската обврска што се има повторно се зборува за некое минато време, некое нешто што требало да заврши. И на сајтот на Министерството за локална самоуправа господинот Коњановски напишал дека ќе донесе стратегија за рамномерен регионален развој и потоа ќе се донесе законот, а сега обратно се прави, прво се носи законот, а стратегијата паралелно ќе се изработува по пример на балтичките замји, како да ние сме некоја типична балтичка земја каде што треба да го организираме рамномерниот регионален развој. Затоа нема да ми замери колегата Ќуркчиев бидејќи очигледно е дека таква потврда за поддршка на законот од ЗЕЛС нема и во функција да продолжиме со расправата ќе учествуваме во дискусијата овде надевајќи се дека таа потврда што ја нема можеби ќе се појави, а ние со нашите дискусии без да ни укажува министерот како и на кој начин ќе дискутираме, ќе се обидеме парламентарното мнозинство да го убедиме да прифати дел од нашите амандмани со уште едно појаснување, а не знам како тоа ќе се промени, тоа е еден ментален склоп во рамките на сите министри, законите во Република Македонија ги носи Собраниет. Владата може носи закони по нивната дефиниција, инаку таа ги подготвува, а Собранието ги носи, што е најнов доказ за денешната карикатура во "Утрински весник", дали било пенал или не ќе чуеме од премиерот, за жал на тоа го сведовме и Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре.

Во врска со амандманот на член 7 став 2, како што кажавте во вашето образложение дека условно го прифаќате односно со делумна промена на текстот предложен од пратеничката група на СДСМ односно го прифаќате делот дека поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби кои ги пропишува Владата, а ние предлагаме да бидат на предлог на Советот за рамномерен регионален развој со претходна согласност на ЗЕЛС, вие се согласувате со првиот дел на нашиот амандман, го прифаќате предлогот да го дава Советот за рамномерен регионален развој, меѓутоа повторно го исклучувате ЗЕЛС и тоа овде како ние што предлагаме во амандманот, кој нема да предлага туку само ќе обезбедува претходно мислење до Советот. Инаку, Владата останува како орган кој ги донесува и пропишува овие критериуми. Значи, не знам од кои причини и во јавната расправа по повод овој закон и конкретно во овој амандман покажувате дека имате некој анимузитет кон ЗЕЛС кое е ниту партиско тело, ниту пак политичко тело. Таму членуваат градоначалници, немам точно податок, скоро од сите политички партии кои добиле градоначалници, кои победиле на локалните избори, вклучувајќи еден голем процент и градоначалници на вашата политичка партија ВМРО-ДПМНЕ. Затоа не знам од кои причини е стравот ЗЕЛС да не го вклучите односно сакате да го маргинализирате и да го заобиколувате, во конкретниот случај, па дури и за прибавување на мислење и за законот во целина, па и за оваа одредба од законот за која предлагаме ние од СДСМ да се вклучи ЗЕЛС со овој амандман.

Значи ЗЕЛС е повеќе стручна асоцијација односно асоцијација која подобро ги разбира и ги знае проблемите на локалната самоуправа отколку Владата. Затоа ЗЕЛС предлагаме преку ваков текст на амандманот да се подобри овој член од законот за да ЗЕЛС може таму да помогне. Значи, никој нема намера со овој амандман, како што грчевито ги браневте минатите пет или шест амандмани, каде што баравме Собранието наместо Владата да одлучува за некои одредби, за некои решенија во овој закон, сега тоа не го бараме. Сега значи не бараме Владата да се тргне, да и гоземеме правото на Владата, затоа не знам зошто е вашиот страв. Владата според овој член ќе го има последниот збор, односно таа ќе ги определува поблиските критериуми за специфичните развојни потреби.

Понатаму, не само во овој амандман, туку и во овие претходни кои ги одбивте, но и во наредните

кои следат многу јасно се гледа политиката и тенденцијата на Владата дека секаде сака да ја стави својата рака односно да завладее и со локалната самоуправа, спротивно на принципите, на реформите со кои треба да се децентрализира Република Македонија. Ова не е закон за централизација па сега ги менуваме надлежностите, имаме еден обратен процес, им ги одземаме надлежностите на општините и ги доделуваме на Владата. Не, целта на овој закон е обратна. Да се операционализира регионалниот развој како сегмент од децентрализацијата, односно од потребите на локалната самоуправа. Тоа е смислата на овој амандман.

Инаку можеме и од одбиените шест амандмани да направиме еден рекапитулар и што можеме да забележиме. За претходниот амандман листите за подрачја со специфични потреби, планските региони, развојните стратегии, составот на носителите на органите на регионалниот развој, Советот, неговата структура, неговата надлежност. Понатаму, во наредниот амандман кој доаѓа на член 9, за кој ќе расправаме потоа, а се работи за методологијата, значи или ги определува Владата или министерот односно Министерството за локална самоуправа. Значи цело време провејува интенцијата на Владата дека сака всушност да ја централизира локалната самоуправа. Се сака да приграби за себе. Ништо не сака да остави слободно и демократски за овие потреби на локалната самоуправа да се грижат општините.

Значи, како што вели оваа одредба од членот 7, за која имаме поднесено амандман дека поблиските критериуми на подрачјето со специфични развојни потреби ги пропишува Владата апсолутно нема логика ако веќе сакате да ја вклучите Владата во овој процес. Зошто? Затоа што ако Владата и би било добро некогаш да има некои ингеренции во овој дел тогаш апсолутно Владата не треба да ги определува поблиските критериуми. Можеби пологично би било Владата да ги определува пошироките или погенералните критериуми, затоа што не може ниту една Влада да биде ниту постручна, ниту позаинтересирана, ниту пореална и побјективна, ниту поупатена од оние субјекти за кои се однесува овој закон. Тоа се единиците на локална самоуправа. Затоа апсолутно нема логика членот 2 од овој став, кој ние сакаме да го измениме со овој амандман. Како може Владата да се меша не за пошироките туку за поблиските критериуми за специфичните развојни подрачја кои со членот 6 повторно и се пропишани на Владата да ги определува листите со одлуки на Владата. Апсурди до апсурди што навистина не говорат за искрени намери, за реформски намери, за сериозни намери да се реформира локалната самоуправа и за сериозни намери да се овозможат услови за рамномерен регионален развој. Вака Владата во секое време со својата политика, со своите партиски интереси ќе има можност преку одредбите од овој закон директно да влијае и да го насочува регионалниот развој како што нејзе и одговара, затоа што самата си го предлага овој закон со кој си ги дава тие права, што е спротивно на сите принципи на децентрализација.

Значи, не може да правиме развој и реформа на локалната самоуправа со вакви одредби на законот. Овие се спротивни одредби на сите прицип. Не знам зошто толку стравот е, како што реков на почетокот, па дури и покажувате сега министре некоја добра волја, делумно го прифаќате амандманот. Не е проблемот, еве и да се согласиме, бидејќи јас сум еден од предлагачите не ја постигнуваме целта. Сакате да се прикажете пред јавноста дека сте спремни за отстапки, дека априори не ги одбивате сите амандмани на опозицијата, меѓутоа опозицијата сака да ви каже нешто друго. Априори не сака да работи контра на нешто што го предложила Владата само колку да не биде по кеифот на Владата и само колку да контрира со амандмани. Не ни е тоа целта. Навистина сакаме да направиме пореален, поприменлив закон, поспроведливи решенија кои ќе бидат во интерес на локалната самоуправа. Значи, без разлика кој е на власт не бидете оптоварени дека опозицијата направила амандмани за да ја опструира расправата за да го одолговлекува законот, или за да извлече некоја политичка полза од овој закон, затоа што дури и да сакаме тоа не сме во можност затоа што не можеме да влијаеме како опозиција на позиција. На крајот на краиштата овој закон ќе го применуваат и градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ, а не на СДСМ.Градоначалници секогаш ќе има од сите политички партии, а секогаш сигурно оваа власт и оваа Влада нема да биде на власт. Значи, ни треба пообјективен закон кој ќе се применува подеднакво за сите и од кој ќе имаме подеднакво бенефит сите градоначалници, сите локални самоуправи без разлика од која политичка привиниенција доаѓаат.

Затоа со овие аргументи и во тоа име ве повикувам уште еднаш овој половичен компромис да го претворите во целосно прифаќање на овој амандман и навистина ако сакате да покажете политичка волја имате можност, затоа што со овој амандман навистина немаме намера да имаме некои задни намери и некоја скриена политика, туку напротив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор за реплика три минути министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Би сакал да напоменам дека директно општините учествуваат во рамномерниот регионален развој преку Советот за рамномерен регионален развој затоа што и програмите и листата на подрачја со специфични потреби се носат точно преку Советот за рамномерен регионален развој. Затоа дирекно преку тој носител на рамномерниот регионален развој учествуваат и општините.

Што се однесува до критериумите и индикаторите тоа е техничка работа, стручна работа и затоа

мислевме дека е подобро да се носи со подзаконски акт на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам, една минута контра реплика за пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Со вашата реплика почитуван министер се демантирате самиот себе, затоа што од една страна потврдувате дека општините се тие кои учествуваат и кои го креираат регионалниот развој и тоа е причина повеќе да го прифатите нашиот амандман, да го вклучите и Советот како носител на рамномерниот регионален развој и мислењето на ЗЕЛС. Значи, ЗЕЛС се општините, не е опозицијата или не е СДСМ, така да немате аргумент зошто го одбивате. Единствено можеме да помислиме, да се посомневаме само да одите контра на опозицијата, затоа што не е добра политика. Мора Владата да покаже некогаш и широкоградост и да соработубва со опозицијата. И опозицијата е во Парламентот за да предлага и да носи закони, не само Владата.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Да укажам дека ќе гласам за овој амандман и ќе го образложам моето гласање зошто би го поддржал овој амандман.

Но, дозволете пред тоа да кажам дека веќе петти ден расправаме, а стигнати сме само до осмиот амандман, очигледно е дека имаме концепциски разлики при донесувањето на овој закон, не е во прашање само некои амандмани. Не сакам да верувам дека дел од амандманите кои ги поднесуваат пратениците од опозицијата не се прифаќаат само заради тоа што се од опозицијата, а дел од амандманите кои се предложени од пратеници кои се од партиите што се на власт веднаш се прифаќаат. Еве пред малку е прифатен амандманот од господинот Трајко Вељановски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска за кој се кажа дењка има само технички измени затоа е прифатен. Со прифаќањето на овој амандман ставот 1 од член 7 е веќе безсмислен. Погледнете го добро речениците веќе немаат смисла онака како се дадени кога веќе се прифати претходниот амандман.

За тоа не треба да гледаме од каде е амандманот, туку дали амандманот е добар и е во функција на подобрување на законот или ќе му наштети на законот.

Јас не гледам зошто овој амандман на член 7 став 2 поднесен од група пратеници од опозицијата, во што би му наштетил на законот. Напротив, сметам дека прифаќањето на еден ваков амандман ќе ја оствари основната концепција на законот за рамномерен регионален развој, а тоа е вклучувањето на единиците на локалната самоуправа односно на општините директно во одлучувањето за рамномерен регионален развој.

Вака концепциски поставен закон, доминантната улога на Владата е спротивна на основната интенција за децентрализација и развој на локалната самоуправа.

Јас морам да ви кажам дека укажувањата дека Советот ќе предлага критериуми, советот ќе носи програми, не знам што советот ќе прави, се укажувања кои само добро ќе звучат за уво, ќе се каже нема Владата да одлучува туку ќе одлучува Советот. Суштината не е така. Советот за рамномерен регионален развој го сочинуваат мнозинството министри од Владата. Дали вие ќе напишете Советот или ќе напишете Владата, во крајна инстанца одлучува Владата. Тоа не е добро за развојот на децентрализацијата и за развојот на општините и регионите. Имено, од 19 члена на Советот 11 членови се министри во Владата на Република Македонија. Дали оваа Влада или некоја идна Влада, тоа се 11, а осум се од советите, претседателите на советите за рамномерен регионален развој. Игра на зборови е кога ќе се каже не Владата туку Советот. Фактички и во тој случај Владата одлучува.

Основната интенција на овој амандман и на неколку други амандмани, амандмани кои јас ги имам поднесено, е за регионалниот развој да не одлучува извршната власт, туку да одлучува законодавната власт и претставниците на единиците на локалната самоуправа на општините. Тогаш можеме да зборуваме за фактички, вистински, рамномерен регионален развој.

Ние во Република Македонија не само во овие 16-17 години, туку од воспоставувањето на македонската држава од АСНОМ наваму одлучувала Владата. И денес можеме да кажеме дека освен Скопје, другите градови не се развиваат. Тоа сите го потврдивме како пратеници. Ако тоа се покажало во минатото дека не е добро, дека тоа не вроди плод, дека нема резултати, зошто се оди на истата концепција.

Оттука, прифаќањето на амандманот, каде критериумите и одлучувачката улога при рамномерниот регионален развој ќе ја имаат асоцијацијата на единиците на локалната самоуправа, во овој случај тоа е ЗЕЛС каде општините ќе го земат тоа одлучувачко дејство е единствено логичен. Во спротивно, мислам дека ќе немаме резултати со носењето на вакков закон. Тоа значи концепциски треба да направиме одлучувачката улога да ја има законодавната власт, т.е. Парламентот при носењето на стратегијата, при одредување на регионите, при одредување на програмите за рамномерен регионален развој и второ, единиците на локалната самоуправа односно општините. Во спротивно сметам дека носиме закон со кој само ја зајакнуваме улогата, не зборувам за оваа Влада, затоа што овој закон треба да е за долг период, стратегијата ќе се носи за десет години, туку за сите идни влади. Во тој случај само ќе ја зајакнеме улогата на Владата, на извршната, централната власт, во однос на општините и регионите, а мислам дека тоа нема да даде позитивни резултати и за тоа ако се избрише ова што го предложи министерот, вториот дел со

претходна согласносност на ЗЕЛС, тогаш е беспотребен амандманот. Ќе повторам уште еднаш во Советот мнозинство има Владата. 11 министри во однос на осум останати членови. Тогаш што има врска и во Советот ќе одлучуваат министри и во Владата ќе одлучуваат истите министри. Тоа е безпотребно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Реплика од три минути има министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам потпретседателе,

Веројатно не намерно пратеникот Слободан Најдовски направи една грешка, во Советот за рамномерен регионален развој нема 11 министри, туку 9.

Она што кажа дека имаме концепциска разлика, јас го прифаќам тоа, навистина немам никакви забелешки. Неколку пати беше повторено од пратеникот Слободан Најдовски, дека Владата го носи овој закон, дека Владата ќе одлучува и сето тоа ќе беше добро кажано, меѓутоа, зошто кога имаше моќ, кога беше потпретседател на Собранието не инициравте преку Собранието носење на еден ваков закон. Вие знаевте дека тоа ни е обврска кон ЕУ. Можевте тоа да го направите и да имате ваш концепт. Меѓутоа, тоа вие не го направивте, а сега критикувате.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Воопшто немам намера со никогa да се карам, воопшто немам намера да предизвикувам нервозна ситуација во Парламентот, напротив, сакам секогаш со аргументи да разговараме. Зошто не се направило порано, имало министри за тоа тие министри не се повеќе министри, изгубиле, а околу тоа дали направив грешка добро, 9 министри и потпретседателот на Владата е 10. Не се девет како што велите вие, а вкупниот број е 18 и ако прифатите уште еден ќе биде 19, ако не 18. Потпретседателот на Владата е истовремено министер или е член на Владата. Имате девет министерства, ако потпретседателот на Владата не го сметате како член на Владата, тоа е друго. Воопшто немам немера да внесувам нервозна атмосфера, напротив, сакав да укажам дека е добро да се прифати амандманот, сепак парламентарното мнозинство и министерот е тој кои одлучуваат по однос на амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристпиме кон гласање.

Бидејќи во салата во моментот има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои 13 за, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 4 поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска, Марјанчо Николов, Есад Рахиќ, Весна Бендевска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Амандманот поднесен од група пратеници не се прифаќа. Само да дадам образложение. Со амандманот се бара методологијата од став 3 на овој член да ја пропишува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

Ако ја пропишува Советот за рамномерен регионален развој, тогаш како ќе биде тој акт, или таа одлука објавена во “Службен весник”. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитуван министер,

Со амандманот се предлага методологијата за изработка на планските документи да ја пропишува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија наместо министерот за локална самоуправа.

Интенцијата со овој амандман е кога беше потпишан и поднесен дека далеку поквалитетна методологија и поиздржана која ќе придонесе во насока на изработка на поквалитетни документи за рамномерен регионален развој, ќе може да утврди Советот, имајќи го во предвид составот на Советот за рамномерен регионален развој, а исто така, сметаме дека Министерството за локална самоуправа. . .

Ве молам, се обраќаме до Владата, до министерот, но министерот е зафатен со други работи.

**Иван Анастасовски:** Продолжете слободно.

**Марјанчо Николов:** Сметаме дека многу поквалитетни и поиздржани методологии за изработка на планските документи ќе бидат предложени и составени доколку тоа го врши Советот за рамномерен регионален развој на

Република Македонија додека министерот не е човек кој е можеби стручен од тие области.

Исто така, ценевме дека можеби во Министерството нема доволно стручњаци кои ќе можат квалитетно да ја изработат оваа методологија. Оваа методологија ќе биде основа за изработка на сите овие плански документи за рамномерен регионален развој и на некој начин претставува база врз основа на која ќе се темели изработката на сите тие документи.

Квалитетот на изработените документи ќе зависи од тоа каква методологија ќе се утврди. Она што го кажа министерот како ќе се објави во “Службен весник”, мислам дека е најмала пречка. Целта беше да придонесеме и да предложиме во Законот да се создадат можности методологијата по која ќе се изработуваат да ја утврдат далеку постручно и поквалитетно ниво повеќе луѓе кои членуваат во Советот за рамномерен и регионален развој отколку тоа да го прави министерот за локална самоуправа, бидејќи сметаме дека сеуште нема можности Министерството за локална самоуправа да ги утврди квалитетно овие критериуми. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на СДСМ го поднесе овој амандман со единствена цел за допрецизирање на текстот на законот за рамномерен регионален развој.

Амандманот се однесува на член 9 став 4.

Методологијата од Предлог законот од став 3 од овој член ја пропишува министерот за локална самоуправа. Амандманот што го поднесовме ние бараме промена во член 9 став 4, се менува и гласи: “Методологијата од став 3 на овој член ја пропипува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија”.

Зошто ова го предлагаме? Претходниот дискутант кажа и во потполност се согласувам, многу поголема логика има Советот пропишува методологија за рамномерен регионален развој, а не министерот. Бидејќи министерот не е стручњак и не може централистички да се настапува тој да ја пропишува методологијата, туку поголема стручност има Советот за рамномерен регионален развој. Сметам дека со ова ќе има поголема ефикасност, поголем увид, поголема транспарентност, а не централизам.

Исто така и локалната самоуправа, општините диектно ќе се вклучат во рамномерниот регионален развој посебно во изготвување на планските документи. Сметам дека овој амандман многу ќе придонесе вака формулиран за утврдување на методологијата која ќе овозможи изготвување на многу поквалитетни плански документи. Тие плански документи се основа на кои ќе се надоградуваат сите други останати документи.

Следејќи ја расправата овие три четири дена во овој парламентарен дом, почитувани пратеници, се донесуваат закони во интерес на граѓаните. Ние, за жал, овде се гушиме, едни дискутираат, поднесуваат конструктивни амандмани се во прилог на народот што не избрал, тоа е важен закон, закон за регионален развој, а другите од власта се обична гласачка машинерија или ги има или не се присутни. Како бетон да ставиле и за нив ставот на Владата е стратегија. Едноставно ставот на Владата е се. Мислам дека се држам на амандманот. И тие се избрани од народот, нека повелат, нека дискутираат, да поведеме една поконструктивна дискусија се со цел да направиме нешто поквалитетно кое навистина ќе служи за доброто на овој народ.

Имаме чувство дека Владата сака да биде столб на се. Да се разбереме, зошто сме ние овде. Ние ги носиме законите и имаме потполно право да зборуваме, да дискутираме, затоа сме избрани, да го кажеме својот став, своето мислење. Ние сме пратеници, се знае што е законодавна, а што е извршна власт.

Министерот за локална самоуправа господинот Коњановски навистина има еден многу чуден став или мене така ми се чини.

Зошто не стане и на говорница, со аргументи да каже зошто не се прифаќаат амандманите и покрај тоа што вчера даде една многу лоша информација, неточна, дека за два часа сме ги подготвиле овие амандмани. Се гледа дека секој од нас од а до ш го прочитал Предлог законот и дискутираме по секој член по Предлог законот што е пред нас. Ако некој од спротивната страна, наместо законот ги држи новините, тоа е друга работа. Меѓутоа најблагонамерно и најконструктивно ги предлагаме со единствена цел да се подобри Предлог законот за рамномерен регионален развој. Со молчење не се одговара во една демократска земја.

Народот од нас бара благодет, бара да го кажеме своето мислење, а министерот, врз основа на нашите забелешки, верувам дека дел од забелешките ќе вгради и ќе биде малку пофлексибилен околу амандманите.

Почитуван министре ова го кажувам со една единствена цел, со цел да се подобри Предлог текстот на законот за регионален развој, бидејки ако овие амандмани што ние ги поднесовме не се прифатат, не сите, меѓутоа голем дел да се прифатат, со ова се кочи и децентрализацијата, со ова се кочи и демократијата, со ова се кочи и транспарентноста. Верувам дека и министерот ќе има слух, а и почитуваните колеги пратеници ќе се исконсултираат и ќе го подржат овој амандман кој навистина е многу суштински.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател, почитуван господин министер, мислам дека крајно недолично и нефкусно е да расправаме за законот за рамномерен регионален

развој додека министерот се шета низ салата и додека министерот прави муабет со неговите...

**Иван Анастасовски:** Ве молам ние расправаме за амандманите.

Повелете, продолжете по амандманите.

**Влатко Серафимов:** Извинете и ова е за амандманот и вие треба да се грижите за редот во салата. Ако не сме интересни за министерот и поднесувањето на амандманите од страна на пратеници од опозицијата, сметам дека ред е да ни кажете барем да не учествуваме во расправата. Обезбедете кворум, донесете го законот и тоа е тоа.

**Иван Анастасовски:** Продолжете колега.

**Влатко Серафимов:** Би се навратил на амандманот.

Во членот 9 став 3, методологијата за изработка на плански документи, зошто да ја донесува министерот за локална самоуправа и зошто треба да ја донесува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

Почитуван министре, мислам ...

Завршив. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Меѓутоа јас мислам дека вас ви ѕвонеше телефонот.

Процедурално три минути пратеник Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе мислам дека е ред да регаирате на однесувањето на министерот и на заменик координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Наместо да го прекинувате мојот колега Серафимов кој зборуваше претходно и реагираше на тоа, требаше имате доблест и да ги опомените, за однесувањето, министерот и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Додека трае расправата по амандманот, министерот се прошета до координаторката на ВМРО-ДПМНЕ за да разговараат. Додека трае расправата по амандманот, министерот се прошета по салата за да собере материјали. Ве молам до колку министерот не е сигурен што да прави со амандманите, или има други обврски, тоа е обврска која треба да ја заврши надвор од салата додека не трае расправата по амандманите или по законот. За тоа имате вие обврска да обезбедите ред во салата и да обезбедите минимум почит од страна на министерот кон пратениците, кој очигледно покажа и во текот на расправата, дека ја нема. Меѓутоа, барем фиктивно да го почитува редот и процедурата во овој собраниски дом, додека е тука. Кога ќе излезе надвор од овде, негово право е како ќе се однесува кон пратениците и какво ќе биде неговото мислење кон нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам и на вас, меѓутоа јас имам поинаков впечаток. Но, тоа е ваше мислење. Освен поединечно ѕвонење на одредени телефони, јас не видов во што друго се реметеше редот во салата.

Во што е сега процедурата госпоѓице Грковска, што барате? Јас ви одговорив.

**Славица Грковска:** Повторно сакам да одговорам.

**Иван Анастасовски:** Повелете, повторно три минути процедурално.

**Славица Грковска:** Тоа е пробелмот потпретседателе што вие не гледате што се случува во салата, а тоа ви е обврска и можеби ќе биде најдобро после седницата на Извршниот одбор да си го одржите ветувањето што го дадовте дека ќе дадете оставка, затоа што очигледно не можете да...

**Иван Анастасовски:** Јас се надевам дека вие ќе ме замените и ќе гледате подобро од мене. Јас воопшто не видов дека во салата, освен вашиот телефон што ѕвонеше и на колегата, имаше друго реметење на редот.

Три минути процедурално пратеник Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Навистина не можам да се изначудам на однесувањето на колегите од опозицијата, посебно на почитуваната заменик координатор Славица Грковска. Со ништо не беше реметен редот на работа на Собранието. Самиот факт што координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ отишол до министерот и земал лист за да прочита, не значи дека се ремети редот на работата во Собранието. Ве молам да престанете да креирате ситуации. Има камери во Собранието на Република Македонија и се знае кој што прави. Навистина недопустливо е таквото однесување.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Нема потреба да се вознемируваме сите овде, во салата има ред.

Процедурално за збор се јавува господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам.

Господине потпретседателе, процедуралното прашање е упатено до вас затоа што вие јавно во колумна изјавивте дека сте потпретседател во оставка.

Ве прашувам, дали чувствувате дека имате легитимитет да ја водите оваа седница.

**Иван Анастасовски:** Апсолутно, се додека Собранието не одлучи поинаку.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве јас во интерес на времето, бидејки моите колеги што дискутираа пред мене, не беа доволно сослушани, јас мојата дискусија ја повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Пожитувани колеги: Серафимов, Киров, Кондарко, Цветковска и Николов, нека не ве зачуди, меѓутоа мислам дека амандманот е прилично безпредметен. Еве зошто е безпредметен.

Членот 9 уредува дека плански документи за развој на државата се Стратегијата за регионален развој и Програма за планскиот регион. Стратегијата ја носи Владата на предлог на Владата.

Планскиот регион, согласно член 12, го носи Советот на Планскиот регион, меѓутоа согласност на Планот треба да даде Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, што значи дека повторно регионот мора да добие согласнсот од Советот. Советот, согласно член 16 е конституиран од 9 членови на Владата и претседатели на регионалните совети и пишува начинот на работа се уредува со Деловник. Можете да претпоставите Совет во кој членуваат 9 членови на Владата, по функција, на чело со потпретседател кој ќе го има мнозинството таму. Ќе имаат апсолутно мнозинство. Значи и тоа ќе мора да го носи повторно тело избрано од Владата во кое седат луѓе од Владата, не се ни други луѓе.

Министерот за локална самоуправа, имате поднесено амандман, да не ја пропишува методологијата, туку тоа да го прави Советот за рамномерен регионален развој. Повторно се враќаме на истото, затоа што Советот се состои од 9 членови на Владата. Што е разликата меѓу министерот за локална самоуправа и 9 членови на Владата. Тие повторно ќе седат таму, министерот за локална самоуправа ќе им го предложи актот за методологија и повторно ќе си го донесе Владата. Значи министерот не отстапува од концепцијата дека Владата носи се. Јас неколку пати кажав, сите други тела се непотребна работа, господине Коњановски. Сте создале овде 10 тела кои сите се состојат од членови на Владата именувани во разни совети, по функција. Затоа реков безпредметен е овој закон вака. Да дадеме се на Владата и да ставиме таму точка. Инаку и да се прифати, каде ќе заврши. Наместо Коњановски ќе го носи Ставревски, Трајковски, Коњановски, Беќири и да не набројувам таму колку се овде напишани и во законот, по име и по презиме. Така што апсолутно и да го прифати ова ќе покаже добра волја за да ни направи само превез на очите дека нешто се прави, ќе си седнат повторно, цел кабинет е ставен, 9 ресори од 14 ресори седат во Советот. Што е смислата Советот да го пропишува. Тие нема да имаат разлики таму. И така Министерството за локална самоуправа, кое е совршено јасно, нема стручни капацитети за да ја пропише методологијата. Тие ќе ја достават до Министерството за економиј аи до Министерството за финансии и тие ќе ја работат, ќе им ја вратат таму, со Бирото малку ќе ја утаначат. Работата е што ништо не излегува од Владата. Кога тие би сакале да излезе од Владата, ќе можеме овде да расправаме. Со овој однос ништо не правиме. Јас го консултирав и Уставот. Во Уставот пишува дека Републиката се грижи за побрз развој и за рамномерен. Има една формулација која во законот не ја користите, а кога пишува Републиката, спорно е дали под тоа треба да разбереме само Владата. Сметам дека овој амандман, колку и да зборуваме, завршува таму. Не Коњановски, Ставревски. Што е разликата. Тие истата политика е тераат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика министерот за локална самоуправа.

**Зоран Коњановски:** Само да дообјаснам.

Јас на пратеничката група на СДСМ и кажав дека во Советот за рамномерен регионален развој, ќе го прифатам нивниот амандман, или мислам дека беше на ЛДП, да има плус уште еден член од ЗЕЛС. Значи беспредметна е сега расправата. Ќе има 9 министри, значи 9 претставници на централната власт и 9 претставници н алокалните самоуправи. Тоа да се има предвид во понатамошната дискусија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника од кои 11 гласале за, нема воздржани, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Игор Ивановски, Ацо Киров, Есад Рахиќ, Влатко Серафимов, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Зоран Коњановски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Не знам кои се аргументи треба да се употребат да се прифати некој реален амандман, но еве сепак и должност ми е да се обидеме да го направиме тоа, или можеби без аргументи, ако знае што министерот ветил на пратеничката група на СДСМ, можеби и немаше долго да оди расправата, но во некоја друга прилика.

Во делот на законо ткој се однесува на планските документи, членот 9 регулира област за планските документи и во ставот 5 предлагачот вели дека во подготовка на планските документи за регионален развој се консултираат засегнатите страни на национално и локално ниво. Нормално

е дека секој оној кој ќе го прочита овој став ќе се запраша кои се тоа засегнати страни на национално, а кои се на општинско ниво. Имено тоа треба да се појасни, ако ништо друго.

До колку предлагачот смета дека не треба да биде прифатен овој амандман, јас би го замолил да објасни зошто не се почитува членот 78 од Законот за локална самоуправа кој вели дека општините ќе бидат благовремено и соодветно консултирани во постапката на планирање и одлучување за прашања што се однесуваат на нив. Општините ќе бидат консултирани за планирањето на јавните работи при изготвувањето на Просторниот план на Република Македонија. Имено во членот 9, како плански документи за регионален развој, предлагачот вели дека е тоа стратегијата за регионален развој на Република Македонија, таа која се подготвува, која некогаш ќе биде изработена, иако треба да биде права. И втората работа е Програма за развој на Плански регион кој исто така најпрвин се подготвува, а после тоа се носи закон.

Но, ако е тоа така, сакам да укажам на нешто друго. Еден друг закон вели нешто друго, што морал да биде консултиран при предлагањето на овој став. Плански документи се просторни планови за региони и подрачја од посебен интерес, а ние зборуваме рамномерниот регионален развој, утврдени како во Законот за просторно и урбанистичко планирање и дефинирани со Просторниот план на Република Македонија. Просторниот план на Република Македонија се разработува со изработка на просторни планови на региони, а процедурата за донесување е исклучиво транспарентна, бидејќи се усвојува од страна на Собранието на Република Македонија.

Методологијата за изработка на плански документи може да ја пропише само министерот кој ја има наделжноста за изработка на плански документи. Значи, во овој случај министрерот надлежен за просторно планирање, а тоа е министерот за транспорт и врски. Тоа така треба да стои, а не да пишува дека во членот 9 став 5, во подготовка на регионалните документи или плански документи за регионален развој се консултираат засегнатите страни на национално и на локално ниво. Е, па, ајде да видиме што е тоа национално и кои се тоа страни на локално ниво. Токму од тие причини мислам дека овој амандман треба да биде прифатен и ставот 5 на членот 9 едноставно да се избрише.

Од друга страна, почитуван министре, Советот за структурен развој, кој што во секоја ваша реплика го спомнувате, мора да признаеме дека е повеќе политичко отколку професионално тело, а треба да биде обратно. Тука е всушност проблемот кој што допрва ќе треба да го носиме и глеаме.

Имено, не треба да зборувам, меѓутоа и подрачјата што се третирани со законот, се преголеми, преобемни итн. За да може да се апстрахира и почитува Законот за просторно и урбанистичко планирање што е всушност главно дефиниран во Просторниот план во Република Македонија, што е база, основа на се, како може да носиме нешто друго без тоа да го промениме. Едноставно, ќе направиме забуна. Но, како и во многу други нешта, знам дека некои од вашите советници ќе ви каже дека целокупната материја што не е регулирана во законот ќе ја регулираме со посебни регулативи, односно со подзаконски акти. Затоа, вчера спомнав 30-на но мислам дека ќе бидат малку онака како што е предвидено и како што е предложен овој закон. Ќе треба многу повеќе од 30 подзаконски акти. Бидејќи, да не се спомне ништо за стандардната класификација на територијалните единици, што е база за било што понатаму, мислам дека не треба да дадам ниту еден друг аргумент зошто овој амандман треба да биде прифатен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Овој амандман што е предложен од пратеничката група на СДСМ е еден логичен амандман што очекував дека министерот нема да го прифати, без некои посериозни образложенија. И ова што како аргументација за овој амандман го нудиме пред се заради македонската јавност, не дека ќе направиме нешто повеќе да го убедиме министерот да ги прифати овие аргументи, заради тоа што уште при подготовка на овој закон или начинот на кој што сега се расправа на оваа втора фаза, за ваков сериозен закон, укажа на фактот дека има зацртана стратегија што ќе ја тераат во Собранието, без при тоа да се слушнат аргументи што би биле во функција за подобрување на законските решенија.

Токму во членот 9, каде што се уредуваат документи што ги носат, односно планските документи за регионалниот развој и се укажува на тоа кои се тие плански документи, стратегијата за регионалниот развој на Република Македонија и Програмата за развој на планските региони, подоцна и донесувањето на акционите планови за спроведување на овие документи што сите ги носи Владата, методологијата министерот, тоа е концепција што се нуди во овој закон да правиме регионален развој по мерка на централната власт, а не по мерка на локалната самоуправа, не по мерка на граѓаните и по мерка на она што е нивна потреба во Република Македонија. тоа се покажа во сите дискусии што ги водевме до сега по однос на амандманите, дека намерата на Владата е оваа работа да се централизира. Главната цел ќе биде да овој закон се користи во некои други политички и дневно политички цели за што говорев по еден од претходнита амандман. Мислам дека врз основа на она што го говореше колегата Ќуркчиев пред мене, имајќи ги предвид законските решенија што се однесуваат на просторното планирање на Република Македонија, каде што ги дава критериумите за

правење на просторните планови на кои се повикуваат планските докуметнти, имајќи ги предвид критериумите кои што се нудат од Европската унија што за министерот беа имперетив во делот на статистичките региони и едни од главните докуметнти зошто Владата мора да го прави, мислам дека и длабоко сум убеден дека овој став 5 треба да се брише, заради тоа што реков дека прво треба да ги почитуваме законските решенија во Република Македонија, од што неможеме да отстапиме како Собрание ниту пак како Влада во спроведувањето на овие активности, од една страна. Од друга страна да се стави во закон одредба во која што се вели дека подготовката на плански документи за рамномерниот регионален развој се консултира засегнатите страни на национално и локално ниво, не значи ништо од едноставна причина што веројано ќе бидат понудени аргументи да се консултираат сите засегнати страни, како што ги консултиравте и денеска во втората фаза на Законот за рамномерниот регионален развој. Веројатно вербално по телефон или не знам на кој начин, меѓутоа не и со документ што ќе го понудите пред Парламентот.

Тоа е еден од аргументите што опозицијата укажува дека токму ЗЕЛС како најзасегната и најзаинтересирана за регионалниот развој и рамномерно за сите локални самоуправи во Република Македонија, нема дадено свое мислење и забелешки, ниту беа консултирани во втората фаза, што впрочем го кажа и Генералното собрание на ЗЕЛС. Таков документ има.

Од тие причини да се става формулација во одредба во која што ќе велиме дека ќе ги консултираме сите засегнати страни и на тој начин наводно ќе ја покажеме нашата добро волја дека токму локалната самоуправа и граѓаните ќе бидат креатори на ваква политика, мислам дека е излишно. Чесно е да се избрише ставот 5 од овој член. Тоа директно ќе укаже дека ќе се почитуваат законските одредби и решенија што се директно сврзани со развојот, односно подготовката на овие плански региони и на тој начин ќе се донесуваат сите овие плански докуменит, а не врз основа на одредба што упатуваат на некакви си консултации што ќе бидат правени, без при тоа да се запази формата за донесување на овие документи.

Од тие причини, мислам дека парламентарното мнозинство ќе има доблест да го изгласа овој амандман, заради тоа што ќе биде во функција на подобрување на текстот на законот и во функција на применливоста на овој закон, а не во функција на суштинска измена, затоа што никаква суштина нема во одредбата од ставот 5 на овој член. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Да бидам доследен на себе, овој амандман мислам дека не треба да се прифати. Еве зошто? Еве зошто ќе бидам доследен на себе?

Моето мислење е дека треба да донесеме закон во кој ќе пропишеме дека три работи треба да останат во Парламентот, за што се борам со амандманите, а не проаѓаат. Јас мислам дека стратегијата, дека определувањето на подрачјата на неразвиените и критериумите индикатори на неразвиеност се надлежност на Собранието, а не на Владата.

Вие, со законот, сите три ги втурнавте во Владата. Собранието нема да носи ни стратегија, ниту ќе определи кои се подрачја, ниту критеруми индикатори на развиеност ќе ги утврди со свој акт. Јас се борам тоа да остане во Собранието.

Со оглед дека министерот и Владата сите овие ги одбива, овој член 9 став 5 е единственото јадиче што остана во законот што употребува нешто што стои во Уставот, а Владата не го признава со законот, дека и Собранието треба да има надлежности.

Сега веднаш сакам да најавам, со оглед дека е јасно дека овој амандман нема да помине, јас нема да го подржам од овие причини тука јасно стои: “во подготовка на плански документи за регионален развој, (тоа меѓудругото значи стратегијата) се консултираат засегнати страни на национално и локално ниво”. Засегната страна за стратегијата за развој на Република Македонија, за рамномерен развој, што е 10 годишна, еднен од засегнатите органи, тука кажано засегнати страни на национално ниво е Собранието на Република Македонија. И, ако ова се избрише ќе остане ниту тоа да стои.

А, веднаш, господине министер да ви најавам, ако бидете во тој момент, кога ќе ја носите стратегијата, јас ќе се повикам, како парламентарец, токму на овој став што сега се залагам да остане и ќе повикам, врз основа на став 5, Собранието како засегната страна на национално ниво да расправа на седница на Собранието за стратегијата за развој, што ќе ја носи Владата. Со оглед дека не прифаќате дека наместо Владата, има амандмани, ама интенцијата ви е очигледна, да ги одбиете тие амандмани, остатокот на овој член од законот ќе биде единственото нешто врз основа на што ќе можеме да бараме Собранието и јас лично, еве најавувам, дека ќе барам стратегијата да ја гледаме врз основа на овој член, како заинтересирана страна. Макар што малку е несодветно, меѓутоа нема друго. Собранието да го прогласиме за заинтересирана страна на национално ниво. Собранието е единственото национално ниво што има некаков легитимитет што произлегува директно од граѓаните. меѓутоа, вие сега го ставате како третостепена заинтересирана страна.

Затоа, на нашите колеги, и вака, бидејќи од место се објаснуваме подолго време, да им објаснам зошто мислам дека ова треба да остане. За да остане барем една јадичка во Собранието да можеме да расправаме за нешто откако Владата ни зеде, очигледно веќе се.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика, три минути реплика господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Сето ова што го зборуваше Никола Поповски држи. Тоа така треба да биде. Но, за жал, неговата заложба да Собранието сепак ја разгледа стратегијата за регионален развој нема да му успее од повеќе причини што претпоставувам дека следниот амандман на членот 10 од истиот закон нема да биде прифатен од парламентарното мнозинство.

Имено, членот 10 ја регулира токму материјата стратегија на регионален развој на Република Македонија и во ставот 1 и 2 има амандман од страна на неколку паратеници од СДСМ кои велат дека стратегијата не треба да ја донесува Владата на Република Македонија, туку Собранието и дека стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија, во натамошниот текст стратегија, се донесува за период од 10 години.

Почитуван министре, се надеваме дека добро го разгледавте тоа. Доколку сите во овој законодавен дом се согласуваме дека највисок плански документ е просторниот план што всушност и претставува стратегија за просторен развој, со временска визија од 10 години, предложената стратегија за регионален развој, усвојувана од Владата на Република Македонија губи смисла. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Е сега, за да не ме органичувате, а гледам нема друг се јавувам за збор. Нема да биде долго. Само за да не ме прекинете на 60-тата секунда, а кратко ќе биде.

Сега, непријатно ми и со колега од моја пратеничка група со исто име, меѓутоа сметам дека расправата е непродуктивна.

Точно заради намерата на Владата да ги одбие наредните амандмани што господинот Ќуркчиев ги образложува наредните неколку амандмани се, можеме да претпоставиме со 100% сигурност дека Владата тоа ќе ги одбие. Владата ќе ги одбие, а нашите колеги пратеници ќе одбијат да расправаат за таа стратегија. Токму тоа е потребно да остане овој член. А, откако ќе остане, согласно Деловникот и согласно Уставот пратениците сме исто така легитимни предлагачи на дневен ред на Собранието.

Вие, како претседателство не можете нашите предлози да не ги ставите на дневен ред. Со тоа би го прекршиле или Деловникот или Уставот. Јас стратегијата што ќе биде во нацрт фаза за разгледување. Тоа е единственото што можеме да го направиме.

Инаку, јас би го запрашал министерот, бидејќи тој има тука ставено знакче на Европската унија на овој закон, би сакал по однос на ова прашање за надлежноста, да добијам два одговори.

Прво, ако утре почне процес на преговори со Европската унија, по поглавјето за Економскиот развој и за рамномерен регионален развој, дали овој закон ќе го сметаме за усогласен или ќе треба да седнете од 0, со администрацијата од Брисел да го преговарате наново системот на регионален развој. Јас ве уверувам дека, иако го носи знакчето ова знакче во овој момент не е корисно затоа што не е усогласен.

Второ, каква е праксата во Европската унија да прашам? Дали во сите држави во Европската унија што се во предпристапна фаза, како нас, и кои пристапиле таму, и старите членки, јас не знам. Но, би било корисно за одлучување, кој ги носи стратегиите за 10 годишен развој: владите, парламентите или двата органа во некаква меѓусебна консултација. Затоа што примерот кај нас е Владата, Владата и само Владата за стратегијата. Тоа е многу сериозен развоен документ. Тој документ согласно овој закон, ако се усвои, опфаќа 10% од БДП од таа стратегија. 1% годишно. 10 годишна стратегија. Се извинувам, 1% од 10 годишниот БДП на Република Македонија, грубо, е 550 милиони евра, програма. Повторувам, 550 милиони евра, така што јас, таква моќ на Владата не би и дал.

Владата, само пред една - две седници, господинот Љупче Мешков тука ни донесе Закон за измена на Законот  за социјална помош во кој ни пропиша колку е социјалната помош со три члена. Дека треба да биде 10,38 со две децимали од 6-месечниот просек исплатен во стопанството на Република Македонија во последното цело 6-месечие, објавена од Републички завод за статистика, итн, значи предетална методологија објавена во Закон за социјална помош или како се вика, а сега, за многу покрупни работи, методологијата и стратегијата во Влада, а надвор од Собрание.

Посвојствено е Собранието да каже следи социјална помош што не може да е помала од 40% од просечна плата, другото да оди во Влада. Меѓутоа, таму во Владата во две децимали ми утврдуваше критериуми, индикатори, итн, се сеќавате на таа дебата со господинот Мешков. Со две децимали. Собранието пропиша и критериуми и индикатори и показатели, се, а овде не пропишува ништо.

Затоа, ајде да слушнеме дали Владата има компаративни искуства и колку се тие, затоа што јас прифаќам компаративни искуства, ама еднаш со министерот за финансии се расправавме така кои се компаративните искуства и вели во Литванија и во Португалија. А другите 25 земји? Тоа не се компаративни искуства, извинете. Ако се 25 држави на Европската унија на еден начин, а Литванија и Португалија на вториот начин, ние компаративното искуство го влечеме од двете држави. Затоа треба да знаеме, во 27-те држави, плус Турција и Хрватска со статус како нас, кој ги носи стратегиите. Ако ги носи Собранието, ако така се движи Европската унија, тука сме немоќни, меѓутоа, ако не ги носи, треба да го имаме тоа сознание.

Затоа јас господин Ќуркчиев инсистирам овој член да остане, затоа што единствено тоа ни останува во Собранието во идните десет години, или да бидам малку пооптимист, во идните три години, затоа што во 2010 година ќе го смениме Законот, ќе го вратиме во Собрание. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата, бидејќи пристапиме кон гласање.

(Присутните пратеници чекаат од 13,16 до 13,23 часот)

Бидејќи Комисијата за европски прашања има работен ручек, објавувам пауза до 14,00 часот.

(Пауза од 13,25 до 14,16 часот)

Бидејќи поголемиот дел од пратениците се ангажирани околу Денот на Европа 9-ти мај, овде ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 14,17 часот)